Врз основа на член 48 точка 3 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 67/92), министерот за внатрешни работи донесува

# У П А Т С Т В О
# ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПАСОШ И ЗАЕДНИЧКИ ПАСОШ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВИЗИ НА ТИЕ ПАСОШИ

## I. Издавање на патни исправи

Член 1

Со ова упатство со утврдува: начинот на издавањето на пасош и заеднички пасош (во понатамошниот текст: патни исправи) и визи на тие патни исправи, постапката на одбивање на барање за издавање пасош и виза, односно одземање на пасош и поништување на виза, постапката во случај на губење или исчезнување на пасошот и замена на важечки пасош, како и постапката кога државјанин на Р Македонија доаѓа во земјата со странски пасош.

Член 2

Издавањето на патни исправи и издавањето на визи на државјаните на Република Македонија се врши врз основа на поднесено барање за издавање патна исправа или издавање на виза (во понатамошниот текст: барање).

Член 3

При приемот на барањето, службеното лице овластено за водење на постапката (во понатамошниот текст: службено лице) го утврдува идентитетот на подносителот на барањето и проверува дали барањето е уредно пополнето, дали кон барањето е приложена пропишана такса и паричен износ за образецот на патната исправа како и фотографии со пропишана димензија. За децата кои се внесуваат во пасошот на родителот се прилага една фотографија која се лепи на барањето.

Член 4

Идентитетот на подносителот на барањето се утврдува со увид во личната карта или друга јавна исправа од која може да се утврди идентитетот на подносителот на барањето. За лицата помлади од 18 години, како и за лица кои немаат живеалиште на територијата на Република Македонија на увид се приложува друг документ со фотографија или извод од матична книга на родените.

Член 5

Ако барање поднесува лице кое на подрачјето на органот од кого бара издавање патна исправа или издавање виза, престојувало помалку од пет години, органот надлежен за издавање на патни исправи или визи ќе изврши проверка преку евиденцијата за издадени патни исправи што се води во системот за автоматска обработка на податоци или ќе побара од органот на чие подрачје подносителот на барањето порано имал престојувалиште, известување дали тој орган за истото лице издал патна исправа, како и известување за бројот на издадената патна исправа и датумот на нејзиното издавање, а особено дали постојат законски пречки за издавање патна исправа односно виза.

Член 6

Кога барање за издавање патна исправа за малолетно лице, односно лице кое е лишено од деловна способност, поднесува само еден од родителите, подносителот, покрај другите документи потребно е да приложи и извод од матичната книга на венчаните кој не треба да биде постар од 6 месеци.

Член 7

Кога родителско право врши еден од родителите, барање за лице помладо од 18 години поднесува и го потпишува родителот на кого детето му е доделено на чување и воспитување.

Во случаите од став 1 на овој член потребна е согласност и од другиот родител.

Ако другиот родител на лицето од став 1 на овој член се противи на издавањето на патната исправа или на издавањето виза, Органот надлежен за издавање на патни исправи и визи постапува во согласност со Законот со кој се регулирани односите помеѓу родителите и децата.

Органот надлежен за издавање на патни исправи и визи, на барање од родителот на кого детето е доделено на чување и воспитување, го поништува запишувањето на детето во пасошот кај другиот родител.

Член 8

Кога ќе утврди дека барањето ги содржи сите податоци кои се потребни за постапување по истото и дека се приложени пропишаните документи и други прилози, службеното лице, на подносителот му издава потврда за прием на барањето. Потврдата ги содржи следните податоци: презиме, татково име и име на подносителот на барањето, датум на поднесување на барањето и потпис на лицето кое го примило барањето (прилог: 1).

Член 9

Службеното лице првенствено проверува дали подносителот на барањето е државјанин на Р Македонија, а потоа податоците наведени во барањето ги проверува во евиденцијата на издадени патни исправи и визи, евиденцијата за забрани и евиденцијата на изгубени и исчезнати патни исправи.

Член 10

Службеното лице кое го утврдило државјанскиот статус на подносителот на барањето, тоа го потврдува со свој потпис во соодветна рубрика за државјанство на барањето за издавање патна исправа, а во барањето се запишува и страната, редниот број и местото за кое се води книгата за државјани каде е извршено запишувањето.

Доколку државјанството е утврдено од страна на друга УВР-ОВР со телеграма, на барањето се запишува бројот и датумот на телеграмата и органот од кој е доставена.

Член 11

Барања за издавање на пасоши на државјани на Р Македонија кои престојуваат во земји во кои Р Македонија нема отворено Дипломатско-конзуларно претставништво (во понатамошниот текст: ДКП), во Р Македонија можат да поднесуваат нивни блиски роднини (родители, браќа, сестри), а други лица само доколку приложат заверено полномошно издадено од лицето за кое се бара издавање на пасош.

Од подносителот на вака поднесеното барање се зема изјава за причините поради кои го поднесува барањето.

Доколку се поднесува барање за малолетно лице, без оглед дали барање поднесува близок роднина или друго лице подносителот е потребно да приложи и полномошно од родителите на малолетното лице.

Член 12

Државјани на Република Македонија кои од било какви причини останат да живеат надвор од Република Македонија и кои не сакаат или не можат да пријават живеалиште на територијата на Република Македонија, барање за издавање на пасош поднесуваат до Министерството за внатрешни работи според местото на нивното последно живеење.

Овие лица нема потреба да поседуваат лични карти издадени од Република Македонија.

Доколку податоците за лицето кое поднесува барање, не се внесени во системот за автоматска обработка на податоци, истите се внесуваат со матичен број (во понатамошниот текст: МБ) кој е определен од некоја од поранешните републики на СФРЈ.

Доколку нема определено МБ се определува нов.

Член 13

Органот надлежен за издавање патни исправи и визи барањето го решава во што пократок рок, а во исклучителни случаи (болест, лекување во странство или смрт на член од потесното семејство итно и неодложно службено патување во странство и сл.), веднаш а најдоцна во рок од 24 часа, од поднесувањето на барањето.

Член 14

Барање за запишување на дете до 14 години во пасошот на еден од родителите се решава како да е поднесено барање за издавање пасош. Запишувањето на детето се врши, по правило, при издавање на пасошот.

Запишувањето на детето се врши на определеното место во пасошот. Во пасошот не се става фотографија на детето.

Доколку запишувањето на детето во пасошот се врши дополнително подносителот на пасошот поднесува ново барање.

Член 15

Службеното лице ќе го запознае подносителот на барањето кој бара запишување на дете во пасошот, со потешкотиите кои можат да настанат при влегување и добивање дозвола за престој во поедини странски земји.

Член 16

Ако државјанин на Р Македонија запишан во заеднички пасош, не патува во странство, службеното лице ќе го поништи запишувањето на тој државјанин во заедничкиот пасош. Поништувањето се заверува со печат на органот и потпис на службеното лице.

Поништувањето од претходниот став може да го изврши и органот надлежен за преминување на државната граница, доколку групата пристигнала на граничен премин.

По последното запишано лице во заедничкиот пасош, на предвиденото место со броеви и букви се констатира бројот на запишаните лица.

Член 17

Писмената согласност на родителот односно на старателот за патување во странство на лице помладо од 14 години, кое патува со други лица во смисла на член 7 од Законот, ги содржи следните податоци: име и презиме на детето, датум и место на раѓање, живеалиште и земја во која ќе патува, име и презиме, живеалиште, број на пасошот на лицето со кое детето ќе патува, орган кој го издал пасошот, место и датум на издавањето на одобрението (прилог:2).

Член 18

Фотографијата на пасошот се лепи на означеното место во образецот, а целата страна на која е залепена фотографијата се покрива со самолеплива фолија.

Во заеднички пасош не се ставаат фотографии.

Член 19

Изготвениот пасош го потпишува лице овластено да потпишува пасоши. Потпишувањето на пасошот се врши на третата и петтата страна.

Потписот се заверува со печат на органот кој го издава пасошот. Печатот се става на левата страна на потписот.

Член 20

Службеното лице патната исправа ја врачува на подносителот на барањето.

Исклучително, надлежниот орган може патната исправа да ја врачи на член на потесното семејство или на старателот на подносителот на барањето, како и на лице кое подносителот на барањето ќе го овласти.

Како исклучителен случај, се смета оправдана спреченост на подносителот (потешка болест, подолга отсутност и сл.).

Член 21

Органот надлежен за издавање патни исправи и визи постапува што поитно по барањето на дипломатско или конзуларното претставништво на Р Македонија во странство со кое се бараат податоци значајни за издавање на пасош или за издавање виза на државјани на Р Македонија. Известувањето се доставува преку Министерството за внатрешни работи.

Член 22

Во пасошот на државјанин на Р Македонија кој службено патува во земја за која со меѓународен договор е предвидена посебна клаузула за деловно патување (бившите Републики на СССР, НР Монголија, НР Кина и др.), на првата слободна страница предвидена за внесување визи, се внесува клаузула: „деловно во....”. Клаузулата се издава со втиснување на посебен штембил или се запишува со машина за куцање на македонски и англиски јазик. Клаузулата се заверува со печат на органот и потпис на службено лице и се запишува местото и датумот на издавањето и нејзината важност (прилог: 3).

Клаузулата „деловно во...” се внесува и во пасош на државјанин на Р Македонија кој врз основа на меѓународен договор за научна, културно - просветна и техничка соработка, оди на студии во земја од став 1 на овој член.

Клаузулата „деловно во...” се издава на писмено барање на претпријатие, фирма или државен орган во кој лицето е вработено или кој го упатува на студии.

Клаузулата „деловно во...” се издава и на членовите на потесното семејство (брачен другар и деца) на лицето кое деловно патува, без оглед дали патуваат заедно или не, на писмено барање на претпријатие, фирма или државен орган во кој лицето е вработено или кој го упатува на студии.

Клаузулата од став 1 на овој член се поништува по престанокот на причините поради кои е издадена.

## II. Одбивање на барање за издавање на пасош или виза, односно одземање на пасош или поништување на виза

Член 23

Барање за издавање пасош или виза може да се одбие само во случаи предвидени со закон.

Член 24

Барањата за забрана за издавање пасоши и визи се водат во системот за електронска обработка на податоците.

Онаму каде што не е можно водење на забраните во системот за електронска обработка, забраните се водат во вид на картотека или регистар за забрани.

Картотеката и регистарот за забрани се водат по азбучен ред.

Член 25

Барањето за забрана за издавање пасош или виза и барањето за одземање на пасош или поништување на виза, треба да ги содржи сите податоци кои се неопходни за утврдување на идентитетот на лицето на кое се однесува барањето.

Член 26

Кога надлежниот суд ќе поднесе барање за одредено лице да не му се издаде пасош или виза или да му се одземе пасошот односно се поништи визата, службеното лице проверува во евиденцијата дали лицето поседува патна исправа или виза.

Ако надлежниот орган утврди дека лицето за кое се однесува барањето од став 1 на оваа точка поседува пасош или му е издадена виза и дека се исполнети законските услови за постапување по барањето, донесува решение за одземање на пасошот односно за поништување на визата.

Барањето за лице кое не поседува пасош се внесува во евиденцијата за забрана за издавање патна исправа.

На лице кое е внесено во евиденцијата за забрани, барањето за издавање пасош или виза му се одбива со решение.

Ако лицето по поднесувањето на барањето се отселило од местото на живеење, органот кој го примил барањето најпрво ја утврдува адресата на новото живеалиште, барањето го преотстапува на надлежност на органот на новото живеалиште на лицето за кое се однесува барањето и за тоа ќе го извести подносителот на барањето.

Член 27

Пасошот го одзема, односно визата ја поништува органот надлежен за издавање патни исправи и визи на чие подрачје се наоѓа живеалиштето на лицето чиј пасош се одзема, односно чија виза се поништува.

Во итни случаи пасош може привремено да одземе и друг орган надлежен за издавање патни исправи и визи, односно орган надлежен за контрола на преминување на државната граница. Привремено одземениот пасош се доставува до органот од став 1 на овој член поради понатамошно постапување.

На лице чиј пасош се одзема привремено, му се издава потврда (прилог: 4).

Член 28

За одземениот пасош односно поништената виза која ја издало дипломатското или конзуларно претставништво на Р Македонија во странство се известува претставништвото кое го издало пасошот односно визата.

Известувањето на ДКП се врши преку Министерството за внатрешни работи – Скопје.

Член 29

Управата односно одделението за внатрешни работи која го одзела пасошот, односно која ја поништила визата, го враќа пасошот на носителот, односно издава нова виза, по престанувањето на причините поради кои е одземен пасошот односно поради кои е поништена визата. Утврдувањето на престанокот на причините може да се врши врз основа на доказите што ќе ги приложи лицето и проверките што ќе ги изврши Управата односно одделението за внатрешни работи.

## III. Постапка во случај на губење или исчезнување на патната исправа и замена на патната исправа

Член 30

Пријавувањето на губење или исчезнување на патната исправа се врши писмено до најблиската Управа односно Одделение за внатрешни работи.

За пријавеното губење односно исчезнување на пасошот, надлежниот орган издава потврда која ги содржи следните податоци: презиме и име на носителот, негово последно место на живеење, број на пасошот и назив на органот кој го издал пасошот (прилог:5)

Член 31

Органот надлежен за издавање патни исправи и визи кај кого е пријавено исчезнувањето или губењето на пасошот на лице кое нема живеалиште на подрачјето на тој орган, го известува органот кој го издал пасошот односно органот кој ја издал последната виза на пасошот.

Член 32

Службеното лице на органот надлежен за издавање на патни исправи проверува под кои околности лицето останало без пасош. Ако утврди дека не се работи за злоупотреба на пасошот издава нов пасош.

Член 33

Неважечки пасоши и пасоши неподобни за користење, како и пасоши на умрени лица се поништуваат комисиски, за што се составува записник.

Ако имателот на пасошот или роднини на умрениот државјанин на Р Македонија побараат пасошот да им се врати, службеното лице пасошот пред да го врати, истиот го поништува. Поништувањето се врши со перфорирање или втиснување штембил со клаузула: „Поништено” на сите страници на пасошот.

Член 34

Ако органот надлежен за издавање патни исправи и визи утврди при издавањето на нов пасош, дека во пасошот кој се заменува се наоѓаат непоништени забелешки на царинските органи, истите ги препишува во новиот пасош (на страницата за забелешки) и ги заверува со печат на органот и потпис на службеното лице со констатација: „Пренесено од пасош број...”.

Член 35

Ако се утврди дека податоците внесени во пасошот не се соодветни со податоците на имателот на пасошот службеното лице на органот надлежен за издавање патни исправи, ја проверува точноста на податоците.

Ако службеното лице од став 1 на овој член утврди дека во пасошот се внесени неточни податоци, на имателот на таквиот пасош му издава нов, а пасошот во кој се внесени неточни податоци му се поништува односно му се поништуваат сите негови страници освен оние во кои се содржани податоците за имателот на пасошот, страниците на кои се внесени визи и клаузули на забелешки кои можат да бидат значајни за остварување на одредени права. Поништениот пасош се враќа на неговиот имател.

Доколку пасошот се оштети при штампање односно неговото изготвување, на подносителот на барањето му се издава нов пасош.

Вака издадениот нов пасош не се наплаќа од подносителот на барањето.

Член 36

Во случај на промена на презиме, име или промена на личното име на имателот на пасошот, како и во случај на исправка на датумот на раѓање, во пасошот не се врши исправка туку се издава нов, во кој, врз основа на извод од матична книга на родените или решение за промена на презиме, име или лично име, се внесуваат изменетите податоци.

Доколку е извршена само промена на живеалиштето на носителот на пасошот, промената се забележува во пасошот и се заверува со потпис и печат (страна 3 од пасошот).

Важечкиот пасош кој се приложува од носителот поради пополнетост или оштетување и не може да служи за својата намена, се поништува записнички.

## IV. Постапка во случај кога државјанин на Р Македонија доаѓа во земјата со странска патна исправа

Член 37

Органот надлежен за контрола на преминување на државната граница нема да издаде виза на државјанин на Р Македонија кој во земјата доаѓа со национален пасош на земјата чие државјанство стекнал.

Исклучително, на државјанин на Р Македонија од став 1 на овој член органот надлежен за контрола на преминување на државната граница може да му издаде виза ако во Р Македонија доаѓа од прекуокеанските земји заради приватна или туристичка посета, користејќи ги притоа исклучиво средствата на јавниот воздушен превоз.

Органот надлежен за контрола на преминување на државната граница веднаш после издавањето на визата ја известува Управата односно Одделението за внатрешни работи на чие подрачје пред напуштање на земјата било живеалиште на државјанинот на Р Македонија на кого му издал виза, односно местото на раѓање на неговите родители ако е роден во странство, како и Управата односно Одделението за внатрешни работи на чие подрачје е живеалиштето на лицето кое има намера да го посети.

Член 38

Органот надлежен за издавање патни исправи и визи издава по итна постапка пасош и виза на државјанин на Р Македонија кој дошол со странски пасош.

Органот надлежен за издавање патни исправи и визи од државјанинот на Р Македонија од став 1 на овој член не го одзема странскиот пасош.

Член 39

Прилозите од бр.1 до бр. 5 се составен дел на Упатството.

Член 40

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на РМ”.

Број 121-33886/1
29 јуни 1994 година
Скопје

Министар
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.

ПРИЛОГ: 1

**П О Т В Р Д А**

за примено барање за издавање патна исправа односно виза

Се поврдува дека лицето ______________________________________________
(презиме, татково име и име на подносителот)
поднесе барање за издавање патна исправа односно виза.

________________________ (М.П.) __________________________
(датум) (барањето го примил)

ПРИЛОГ: 2

**О Д О Б Р Е Н И Е**

Со кое одобрувам моето дете ______________________________, родено
(име и презиме)
________________ во _______________ СО __________________
(дата на раѓање) (место)
со живеалиште во _________________________________.
(место, улица и број)
СО __________________________ да може да патува во ______________________
(земја)
во придружба со ___________________________________________________ од
(име и презиме на лицето со кое патува)
_______________________________ број на пасошот _________________ издаден
(место и адреса на станот)
од ________________________________________.
(назив на органот што го издал)

________________ ______________________________________
(место) (име и презиме на лицето кое ја дало изјавата)

________________ ______________________________________
(датум) (број на лична карта и кој орган ја издал)

МП

___________
(заверува)

ПРИЛОГ: 3

ДЕЛОВНО ВО ____________ ШЕФ НА ОТСЕК
OFFICIELLEMENT EN _____________ SHEF DE LA SECTION

(МЕСТО И ДАТУМ) Важи до (М.П.)

_________________ ____________ _________

ПРИЛОГ: 4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЛУЖБА ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

Управа за внатрешни работи ________________________________
ПС за КПДГ _____________________________________________
Бр. ____________________________________________________
_____________________________________________ 199__ година

Врз основа на член 339 од Правилникот за вршење на работите на Службата за јавна безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/85), се издава

**П О Т В Р Д А**

за одземена патна исправа

На ___________________ роден-а на ________________ година во ___________ општина _____________ со живеалиште во ___________ улица _____________________ број _________, одземена му е патната исправа број _______________ издадена од ________________________.
Именуваниот за враќање на патната исправа треба да се јави во подрачната организациона единица на МВР по местото на живеење.

Овластено службено лице

ПРИЛОГ: 5

**П О Т В Р Д А**

за пријавено губење-исчезнување на патна исправа

Лицето ________________________________________________________ со стан на ул. ____________________________ во ________________ пријави губење-исчезнување на патната исправа број ______________ издадена од УВР-СВР _____________.

____________________ ___________________________________
(дата) (потис и печат)